25TH ANNIVERSARY

Peace Corps
NORTH MACEDONIA

# Годишен извештај

## 2021

Peace Corps

# Порака од директорот



Дебора Конер - Мировен корпус Северна Македонија

Мировниот корпус Северна Македонија, во текот на целата 2021 година, не беше во можност повторно да ги пречека назад своите волонтери. Го планиравме нивното враќање за во февруари 2021 и во септември 2021, но сепак КОВИД-19 и во двата случаи ги промени нашите планови. Иако не можевме да го прославиме враќањето на волонтерите сепак успеавме да прославиме два јубилеи на Мировниот корпус. Првиот беше 60-годишнината од основањето на Мировниот корпус од страна на Џон Ф.Кенеди во 1961 година, а вториот 25-годишнината од основањето на Мировниот корпус Северна Македонија во 1996 година. Организиравме разни настани и активности за да го одбележиме 60-годишниот јубилеј на Мировниот корпус. Првиот се одржа на 25 март, како дел од Федералната програма за жени, наречен Серија: Влијателни жени, во кој учествуваше в.д директорката на Мировниот корпус Керол Спан како воведен говорник на тема „60 години жени кои служат во Мировниот корпус“. Ова беше настан кој се одржа преку платформата Зум па така заедно можеа да го следат и луѓето од централата на Мирвноиот корпус како и вработените од регионот. И многу други ценети жени од персоналот зедоа учество како говорнички, вклучувајќи ја шефицата на администрација како и менаџерката на општи служби. Настанот го затвори амбасадорката на Америка во Северна Македонија. Останатите активности вклучуваа поткасти, објави на фејсбук, писменца и честитки испратени до поранешните вработени во Мировниот корпус и останатите соработници: семејствата-домаќини, соработниците на волонтерите, партнерите од невладиниот сектор и владините претсавници.

Двата главни проекти на Мировниот корпус, Развој на заедницата и Англиски јазик и инклузивна настава останаа на цврсти основи. Тимот за програмирање и обуки продолжи да обезбедува одлични онлајн обуки и работилници за наставниците, членовите на заедниците, вработените во локалната власт како и за младите вклучени во лидерство. Обуките ги одржувавме на македонски и албански јазик а некои и на англиски. Ова ни овозможи да ги зачуваме нашите силни врски и контакти во Северна Македонија. Мировниот корпус беше во можност да потпише и нов Меморандум за разбирање со Министерството за образование и наука, да спроведе Проценка за потребите на наставниците и да спроведе истражување со наслов „Млади и КОВИД-19 во Северна Македонија: потреби, последици, предизвици“. Проценката за потребите како и истражувањето беа употребени од Мировниот корпус за создавање на содржините на обуките и работилниците кои ги спроведовме во текот на годинава. Вработените во канцеларијата на Мировниот корпус Северна Македонија продолжија да ја се соочуваат со оваа екстремно тешка ситуација во која се наоѓаме и постојано си даваа меѓусебна поддршка преку своето делувањето и зборови. Нашата канцеларија исто така работи и на подготовките за враќање на волонтерите во 2022 година преку проверки и зајакнување на нашите мерки за намалување на опасноста од КОВИД-19. Нашиот извонреден менаџерски тим спроведе повеќе проекти кои направија канцеларијата и возилата да бидат побезбедни за оние кои ги користат. Оддавам огромно признание на целата талентирана и посветена група луѓе кои секојдневно ѝ даваат поддршка на мисијата на Мировниот корпус. Моите мисли и молитви продолжуваат да бидат со луѓето од Северна Македонија, а посебно со оние кои загубија пријатели или членови на семејствата за време на пандемијата.

Како што ја оставаме 2021 година зад нас новата 2022 ја пречекуваме со цврст план за враќање на волонтерите, како и уште посилна посветеност кон мисијата на Мировниот корпус во Северна Македонија.

# Накусо за Мировен корпус

Во 1961 година, Претседателот на Соединетите Американски Држави Кенеди, го формираше Мировниот корпус за да промовира светски мир и пријателство и ги поттикна Американците да живеат и да работат во земјите развој. Во 2021 година Мировниот корпус прослави 60 години од своето основање но неговата улога и мисија го издржаа тестот на времето. Трите цели на Мировниот корпус остануваат поеднакво важни како што беа и при неговото формирање:



Цел 1: Да се обезбедат волонтери кои што ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.

Цел 2: Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка

Цел 3: Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите во светот.

Од 1961 година, повеќе од 240 000 волонтери на Мировниот корпус служеле во 142 држави и оставиле во наследство заеднички вредности, подобрени односи и одржлив развој во заедниците.

# Мировен корпус во Северна Македонија

Мировниот корпус ја формира својата програма во Северна Македонија во 1996 година, на покана од Владата на Северна Македонија. Оттогаш, повеќе од 800 волонтери имаат служено во училишта, општини, граѓански организации и јавни институции за да ги задоволат различните потреби на заедниците ширум земјата. Како признание за значењето на Мировниот корпус за подобрувањето на македонско-американското пријателство, како и за ангажманот и посветеноста на волонтерите во македонското општество, Претседателот на Северна Македонија му додели Орден за заслуги на Мировниот корпус во 2011 година.

Поради ситуацијата со КОВИД пандемијата во 2021 година немаше волонтери присутни во државава. Но и покрај тоа, Мировниот корпус Северна Македонија остана посветен на мисијата да работи со заедниците во земјата. Мировниот корпус со нетрпение го очекува моментот кога волонтерите ќе бидат во можност да се вратат и да ја продолжат со работата во своите заедници.

Волонтерите на Мировниот корпус служат во еден од двата проекти: Проектот за англиски јазик и инклузивна настава и Проектот за развој на заедницата, со посебен акцент на младите и лицата со посебни потреби.



*Group: MAK 1, 1996*

.

Во текот на својата служба во Северна Македонија, волонтерите се запознаваат со локалната култура, ги учат локалните јазици и активно учествуваат во општествениот живот. По пристигнувањето во Северна Македонија, волонтерите поминуваат низ интензивна обука за јазик, култура и технички вештини. За да се олесни нивната интеграција во локалните заедници, за време на првичната обука волонтерите живеат во локални семејства-домаќини во текот на единаесетнеделната обука, но исто така и во периодот до 24 месеци од нивната служба. Мировниот корпус ја имплементира својата програма во Северна Македонија преку директна соработка со повеќе државни и локални партнери коишто се активни во сферата на образованието, развојот на заедницата, работа со младите и лицата со посебни потреби.

# Одбележувањето на 25-годишниот јубилеј на Мировниот корпус во Северна Македонија

2021 беше значајна година бидејќи Мировниот корпус прослави 25 години во Северна Македонија. Најдобар начин да се одбележи еден ваков важен настан е да се погледне кон минатите успеси и достигнувања. Се разбира, ниту еден од тие успеси немаше да биде можен без помошта и поддршката од нашите пријатели: семејствата-домаќини – кои ги отворија своите домови и своите срца за нашите волонтери, како и соработниците на волонтерите – кои ги отворија своите училници и канцеларии. Тоа им овозможи на соработниците и волонтерите заедно да работат и да постигнат многу во нивните заедници. Многу сме благодарни за целиот труд од страна на соработниците, волонтерите и заедниците.

Списокот на наши пријатели не застанува тука. Благодарни сме и за помошта и поддршката што ја добивавме од Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за млади и спорт, Бирото за развој на образованието и многу други институции и организации. Нивната поддршка и нивните совети беа клучни за да ја изградиме соработката и адекватниот одговор на потребите на заедниците низ целата земја.




Со цел да се навратиме наназад, кон првите години на Мировниот корпус во државава, организиравме една серија наречена *Поткасти по повод годишнината.* Темата на првата епизода беше „*Во чест на првите вработени во Мировниот корпус Северна Македонија*", во која оддадовме признание за нивниот придонес, посветеноста и врските кои ги изградија со поранешните волонтери, како и со сегашните и поранешните вработени. Овој поткаст беше сведоштво за влијанието кое Мировниот корпус го имал на животите на нашите поранешни колеги кои го започнале неверојатното патување во далечната 1996 година. Оваа епизода содржи разговори со нашите некогашни колеги: Фанка Стефановска, Жаклина Гештаковска и Звонко Наумоски. Тие ни зборуваат за најнезаборавните моменти во текот на нивната работа во Мировниот корпус и за тоа како оваа организација им ги променила гледиштата.

Втората епизода од Поткастите по повод годишнината вклучува поранешни волонтери на Мировниот корпус кои служеле во Северна Македонија. Ова се сведоштва само од неколкумина но влијанието и врските кои тие ги имаат изградено во текот на годините се навистина посебни. Посветеноста и придонесот на волонтерите, како и она што го оставија зад себе, сѐ уште се многу ценети и додека со нетрпение ги очекуваме идните групи волонтери во државава. Во оваа епизода учествуваат: Алисон Смит, Одри Ворхис, Бил Бриџфорд, Клер Алои, Дејвид Неш Мендез, Џастин Отен, Лора Робинсон, Лиза Андоновска и Метју Мјури. Тие ни зборуваат за најнезаборавните моменти од работата во Северна Македонија и за тоа како Мировниот корпус ги променил нивните животи. Поткастот можете да го најдете на веб страната на Мировен Корпус Северна Македонија.

# Проекти на Мировниот корпус

## Проект за развој на заедницата

Проектот за развој на заедницата во Северна Македонија ги поддржува заедниците и организациите со цел постигнување поефикасен одржлив развој. Во минатото волонтерите на Мировниот корпус тесно соработуваа со граѓански организации, локални општини и јавни установи низ целата земја, како партнери во проекти за развој на заедниците. Во соработка со локалните партнери, целите на Проектот за развој на заедницата се: да има активно вклучени граѓани и граѓански организации во Северна Македонија кои ќе спроведуваат одржливи напори за развој во заедницата, кои би биле инклузивни и од кои сите категории граѓани би имале корист.




Во 2021 година ја продолживме нашата соработка со Регионалната канцеларија за младинска соработка во Скопје за со заеднички напор да обезбедиме што повеќе онлајн обуки за луѓето во државава. Во месец мај покренавме една серија на виртуелни работилници за јакнење на капацитетот, наменети за вработените или волонтерите од невладините организации и средните училишта во Северна Македонија. Четиридневната работилница ги опфати следните теми: „Проектен дизајн и менаџмент 1 и 2“, „RYCO програмски и проектни можности“ и „Финансиски менаџмент за имплементација на проекти“. На работилниците учествуваа 34 учесници, кои претставуваа повеќе од 30 различни невладини организации и институции, кои на крајот добија и соодветни сертификати.

Нашата соработка со Регионалната канцеларија за младинска соработка ја продолживме и во месец декември кога организиравме уште една серија работилници на тема „Младинско лидерство“, како еден вид можност за личен развој на младите луѓе. Работилниците беа поделени во шест делови во текот на шест дена а имаа за цел да ги подобрат вештините во областите: лидерство, комуникација, интеркултурен дијалог, активно вклучување на младите и ефективно решавање конфликти. Оваа серија работилници успешно ја заврши 25 учесници. Во јуни и јули одржавме две обуки: „Дигитални алатки за организации“ и „Дигитално младинско учество“. Овие обуки имаа за цел да ги запознаат невладините организации, вработените во општините, младинските работници и наставниците со различните дигитални алатки кои би им помогнале подобро да ја организираат и промовираат својата работа, како и со зголемување на младинското учество во онлајн опкружувањето. Вкупно 138 учесници присуствуваа на двете онлајн обуки.

Дополнително, Проектот за развој на заедниците започна уште една серија онлајн работилници за професионален развој за локалните и национални организации, општини и младински организации. Работилниците имаа за цел да ги запознаат учесниците со подготовка и менаџмент на проекти, со младинската вклученост за време на КОВИД-19, како и да дадат поддршка за младинските работници во справувањето со негативните последици од КОВИД-19. Тие започнаа во декември и се состоеја од две дводневни сесии за „Подготовка и менаџмент на проекти“ а ќе продолжат во јануари 2020 година со дополнителни две сесии: „Волонтирање во време на КОВИД-19“ и „Развој на психолошка резилиентност на младите во време на КОВИД-19“.

# Проекти на Мировниот корпус

## Проект за настава по англиски јазик и инклузивно образование

Мировниот корпус Северна Македонија го имплементира Проект за настава по англиски јазик и инклузивно образование во соработка со Министерството за образование и наука на Северна Македонија и Бирото за развој на образованието, како и со други институции и организации посветени на унапредувањето на образовните можности за сите ученици.

Целите на проектот за англиски јазик и инклузивно образование се: да ја подобри наставата во училиштата, да го зголеми успехот на учениците во учењето англиски јазик, да се зајакнат животните вештини на учениците, да се зајакне училишната заедница како и да се зајакнат можностите училиштата да ги применат практиките на инклузивна училница, да ги подобрат животните и стручните вештини и да го подобрат капацитетот за поддршка на инклузијата во самата заедница. Мировниот корпус Северна Македонија, под капата на Проектот за настава по англиски јазик и инклузивно образование, во текот на целата година организираше работилници за професионален развој на наставниците.

Во месец мај ја организиравме онлајн работилницата „Развој на креативноста кај наставникот“, наменета за наставниците по англиски и останатите едукатори а со цел да се дефинира и да се разбере креативноста како и нејзината важност во наставата. Во месец август ја имавме и работилницата наречена „Мотивирање на учениците во онлајн училници“, која исто така беше наменета да им помогне на наставниците во онлајн наставата. На овие две работилници учествуваа вкупно 200 наставници. Како продолжување на напорите на Мировниот корпус Северна Македонија да одговори на потребите кои произлегоа од ситуацијата со КОВИД-19 организиравме серија работилници за наставници кои беа отворени за сите заинтересирани просветни работници со цел да им се овозможи на учениците безбедно враќање во наставниот процес и опоравување од прекините во наставата.




Со овие цели на ум, во ноември 2021 година, Мировниот корпус започна една серија виртуелни работилници за професионален развој на наставниците. Овие работилници ќе се одржат во текот на четири месеци, почнувајќи од ноември 2021 па сè до март 2022 година. Опфатени се четири важни теми, и на македонски и на албански јазик.

- Методологија во која фокусот е ставен на ученикот
- Управување со училницата
- Различноста во училницата
- Менаџирање на стресот за наставниците и учениците во време на КОВИД-19.

Темите 1 и 2 беа завршени во 2021 година, додека темите 3 и 4 се планирани за 2022 година. Секоја тема имаше сесија на македонски и албански јазик. За овие работилници беа пријавени 1000 наставници, 112 од нив на албански а 880 на македонски јазик.




Целта на оваа серија работилници е:

- Да им даде поддршка на наставниците во спроведувањето на квалитетна настава за учениците кои се соочија со прекини во нивната едукација поради КОВИД-19.
- Да ги поддржи наставниците во развивањето механизми за справување: за нив самите како и за нивните ученици, кои би помогнале да се ублажат негативните последици на менталната благосостојба предизвикани од КОВИД-19.
- Да се промовира Мировниот корпус и неговата Програма за образование за да се осигура интересот училиштата и наставниците повторно да добијат волонтери при нивното враќање.

# Гости-говорници на Програмата за пристап до микро-стипендии

Во април 2021 двајца вработени во Мировниот корпус беа гости-говорници на една од сесиите на Програмата за пристап до микро-стипендии. Програмата има за цел да ги развива вештините и потенцијалот за англиски јазик кај учениците како и да ги подучува за американската култура и демократските вредности. Во согласност со ова вработените во Мировниот корпус зборуваа за волонтирањето и неговата важост. Се проценува дека учествуваа 200 ученици од 10 различни градови. Вработените го споделија своето искуство од областа на волонтирањето и што тие добиле од сето тоа а потоа ги наведоа и учениците да споделуваат свои искуства и да размислуваат за начините на кои и самите би можеле да дадат некаков придонес во своите заедници.

## Е-учење во Мировниот корпус




Оваа година Федералната владина асоцијација за учење од далечина му ја додели наградата Пет ѕвезди токму на Мировниот корпус, како признание за покажаното лидерство и најдобри практики во развојот и примената на докажани технологии за учење од далечина во Федералната влада. Со развивањето на сопствениот систем за управување на учењето преку платформата Moodle, наречен LeariningSpace, во периодот 2020-2021 преку 800 вработени во Мировниот корпус од целиот свет беа обучени  како да ги развијат своите вештини за создавање на курсеви. Како резултат на сето тоа на LearningSpace беа создадени над 200 нови курсеви и обуки. Мировниот корпус Северна Македонија учествуваше во овој процес со 75% од вработените кои учествуваа на оваа обука а двајца вработени беа и ментори за канцелариите во останатите држави.

Нашата Менаџерка за обуки, Евелина Алибеговска, беше поканета да учествува на еден поткаст организиран од *Советот ХОП* на кој зборуваше за достигнувањата на Мировниот корпус Северна Македонија во областа на е-учењето. ХОП е онлајн платформа за учење на Еразмус+ и програмите на Европскиот корпус за солидарност при Европската комисија. Таа ги содржи онлајн курсевите кои се имплементирани од Ресурсните центри САЛТО, од програмите на Националните агенции на Европската комисија како и од младинските организации од Европа. За нас беше огромна чест можноста да ги споделиме нашето искуство и стручност во создавањето мешани и онлајн содржини за нашите волонтери на нашата сопствена, сега веќе и наградена, платформа LearningSpace. Поткастот можете да го најдете на веб страната на Мировен Корпус Северна Македонија.

# Истражувачка студија „Млади и КОВИД-19 во Северна Македонија: потреби, предизвици, последици“




Peace Corps NORTH MACEDONIA

Младите отсекогаш биле еден од главните интереси на Мировниот корпус во Северна Македонија. Нашите волонери работеа во општински центри, младински совети, училишта, универзитети, граѓански организации и ги ангажираа младите луѓе преку нивната работа со проекти, активности, обуки, клубови, кампови и друго. Меѓу многуте успешни активности започнати од волонтерите на Мировниот корпус се и кампот Младински лидерски проект и кампот „Девојките го водат светот“, натпреварот за најдобар есеј, натпреварот по спелување, камповите за запознавање на светот како и други активности за млади отпочнати во заедниците.

Пандемијата на КОВИД-19 имаше, и сѐ уште има, огромно негативно влијание врз животите на луѓето. И покрај тоа што младите не беа главната ризична група во однос на хоспитализација и смрт од вирусот сепак, од почетокот на пандемијата, тие беа изложени на негативни искуства од социјална, образовна и финансиска природа. Очигледно е дека нивното физичко и ментално здравје е под сериозна закана. Како што КОВИД-19 ја менуваше реалноста во Северна Македонија така и Мировниот корпус сакаше да дознае повеќе за потребите, предизвиците и последиците кои пандемијата ги имаше врз младите во државава. Затоа одлучивме да направиме една сеопфатна истражувачка студија на оваа тема за да можеме адекватно да ги разбереме специфичните потреби на младите како и предизвиците со кои тие се соочуваат.

Истражувачката студија анализира многу аспекти од животите на младите луѓе: образовни, социјални, економски, емоционално здравје, младинско учество како и инклузија на маргинализирани групи. Дополнително, студијата ги открива и навиките за активизам и волонтирање меѓу младите. Исто така е анализиран и институционалниот одговор на пандемијата како и улогата на граѓанскиот сектор. Според тоа оваа студија нуди едно исклучително крос-секторско истражување на младите, владините институции и граѓанскиот сектор кое има за цел да разбере како младите луѓе во Северна Македонија се справуваат со пандемијата.

„Кои се потребите на младите во Северна Македонија и со кои предизвици се соочуваат тие за време на пандемијата на КОВИД-19 и по неа, и што може да стори Мировниот корпус Северна Македонија за да ги поддржи овие потреби?“

Резултатите од студијата покажуваат дека треба уште многу да се работи со младите. Само 29% од испитаниците (вкупниот број на учесници во истражувањето е 1002) волонтирале пред пандемијата а само 17% го правеле тоа за време на пандемијата. 21% процент од испитаниците не знаат ниту една младинска организација во која би можеле да се вклучат. Затоа, многу од нашите опции за онлајн обуки се темелат на резултатите од оваа студија а со цел да се одговори на потребите на младите. Доколку сакате да ја добиете целосната истражувачка студија ве молиме да не контактирате на mk-info@peacecorps.gov и ние со задоволство ќе ја споделиме со вас.

# Конференција за заштита на животната средина - „Потенцијали за зачувување, одржување и промоција на агробиодиверзитетот“

Конференцијата за заштита на животната средина „*Потенцијали за зачувување, одржување и промоција на агробиодиверзитетот*“ беше настан и можност за почетен дијалог во областа на агробиодиверзитетот и поврзување на клучните чинители (говорници и учесници). Проектот беше имплементиран од две локални невладини организации, *Ајде Македонија-* Скопје и *Фондацијата Аполонија* од Гевгелија. Проектот беше финансиран од Програмата за мали грантови на Мировниот корпус како и со придонес од заедницата а започна во септември 2020 и заврши во август 2021 година.




Проектот содржеше и една онлајн конференција на која претставници на универзитетите, владините институции, приватниот и граѓанскиот сектор како и останати експерти од областа дискутираа за законодавството, националната стратегија за заштита на семињата од старите сорти, можностите за соработка на државните институции со земјоделците, академската јавност и невладините организации, активностите на факултетите, банките за семиња и можностите за соработка со поединци/невладини организации, важноста за тоа младите и заедниците да бидат свесни и вклучени во заштитата и зачувувањето на семињата од стари сорти; како и дискусии за активностите на невладините организации во областа на агробиодиверзитетот и за предизвиците и можностите за меѓу-секторска соработка, и сл.

Како додаток на конференцијата од проектот се создадоа неколку дополнителни едукативни материјали: документи, видеа и брошури кои беа промовирани преку една кампања на социјалните медиуми и преку имејл покани.

Крајниот резултат на проектот беше создавањето на *Мрежата за агро-биодиверзитет.* Во овој момент мрежата вклучува 17 организации и 53 индивидуи кои се претставници од различни сектори, вклучувајќи владини институции, универзитети, банки за семиња, невладин и приватен сектор.
Оваа мрежа ќе ја продолжи својата работа и во иднина.

# Одбележување на Меѓународната недела на образованието (од 15 до 19 ноември 2021 година)




За нас, во Мировниот корпус, Меѓународната недела на образованието е време кога се навраќаме на бенефитите од глобалното образование и на градењето разбирање меѓу културите. Во моментите на одбележување ние исто така не го заборавивме и влијанието кое КОВИД-19 го имаше врз образованието во светот. Нашиот тим посети две училишта кои се наши партнери и снимивме видео кое се осврнува на влијанието на КОВИД-19 врз образованието во нашите заедници и како Мировниот корпус Северна Македонија им помогна на училштата во државава да се справат со овој предизвик.

# Планови за во иднина



Мировниот корпус Северна Македонија продолжува да работи на подготовките за враќање на волонтерите. Очекуваме првата група волонтери да пристигнат во Северна Македонија во септември 2022 година и да го продолжат своето патешествие работејќи заедно со членовите на заедниците низ целата земја. Во меѓувреме Мировниот корпус Северна Македонија ќе продолжи со активностите во годината која доаѓа. Ќе продолжиме со онлајн работилниците и обуките за наставниците, младите и сите оние кои се заинтересирани да ни се приклучат.

Во 2022 година, дополнително ќе започнеме со кампањата *Промовирање на волонтирањето во Северна Македонија,* базирана на наодите од Истражувачката студија кои ни покажаа дека многу од младите не волонтираат или не се запознаени со можностите за волотирање во државава.

Како дополнување на овие активности Мировниот корпус ја започна *Програмата за виртуелна служба.* Преку оваа програма поранешните волонтери на Мировниот корпус ќе одвојуваат од своето време за виртуелно да се ангажираат заедно со партнерите од Северна Македонија и заедно да работат на активности, проекти и задачи создадени во соработка со невладините организации и училиштата. Првата група на пилот-учесници во ќе започне со својата работа во март 2022 година и за тоа се избрани четири партнери: Младинскиот локален центар (YCC) – Гостивар; ОУ Асдрени – село Глоѓи, Теарце; ОУ Елпида Караманди – Битола; и Црвениот крст – Скопје. И во иднина остануваме отворени за пријави за прием на волонтери и ги повикуваме сите заинтересирани невладини организации, општини и јавни институции да ги испратат своите пријави на mk-info@peacecorps.gov. Формуларот за пријава можете да го најдете овде: https://www.peacecorps.gov/north-macedonia/ask-for-a-volunteer/